Македонска академија на науките и уметностите
Бул. Крсте Мисирков 2, Скопје, Република Македонија
Тел.: + 389 02 3 235 400; Факс: + 389 02 3 235 500
e-mail: manu@manu.edu.mk

СООПШТЕНИЕ
за работната средба меѓу претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, акад. Љупчо Коцарев,
и министерката за образование и наука, Мила Царовска

На 16 септември 2020 година, во просториите на Македонската академија на науките и уметностите, претседателот на МАНУ, акад. Љупчо Коцарев, имаше средба со министерката за образование и наука, Мила Царовска.

Поаѓајќи од основните функции на МАНУ за следење на состојбите во науките и залагање за нивно унапредување, како и од советодавната кооперативната улога на МАНУ во утврдувањето на политиката на Републиката во науките, на средбата, претседателот на МАНУ, покрај тоа што ја запозна министерката со научноистражувачките резултати од досегашната соработка со Министерството, во име на членството на МАНУ, изрази подготвеност и отвореност на МАНУ за интензивирање на заемната соработка, пред сè, во областа на изработка на стратегиски макропроекти.

По кусото излагање на акад. Коцарев, министерката Царовска истакна дека ѝ е особено драго што највисоката научна установа во Републиката се произнесе со ваков став во интерес на развојот на науката во земјава и целосно ја поддржа идејата за нејзино вклучување во изработка на ваков тип проекти. Во почетокот од своето излагање, министерката, покрај другото, особено укажа на потребата од вклучување на МАНУ во процесот на потврдување на фактите наведени во учебниците, како крајна инстанција во процесот на ревизија на нивната содржина.

Во однос на ова прашање, претседателот на МАНУ предочи дека, врз основа на бројни истражувања, може да се констатира дека, генерално, не постојат тематски целини за морал и етика во учебниците, почнувајќи од оние за најрана возраст, што во крајна линија води кон провлекување на проблемите низ времето, како резултат на изостанување на овие два значајни принципи. Притоа, акад. Коцарев го изнесе своето мислење дека, по примерот на развиените општества, тоа е клучна работа на која треба ургентно да работи и нашето општество, преку Министерството за образование и наука, заради решавање, а не одложување, на овие прашања кои се јасно акцентирани во светски рамки, а кои водат кон хуманизација на општеството.

Покрај тоа, министерката ја истакна и потребата од вклучување на МАНУ во процесот на ревизија и на бројни закони и стратегиски документи од делокругот на Министерството, како и во процесот на осмислување систем за финансирање на науките, преку претходно изработена адекватна програма која потоа би прераснала во национална.

На крајот на средбата, претседателот на МАНУ, акад. Љупчо Коцарев, и министерката за образование и наука, Мила Царовска, начелно, се договорија за начинот на почнување и процесирање на планираните активности на Министерството со МАНУ во претстојниот период, за што МАНУ, во согласност со своите акти, одделно ќе се изјаснува.